# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2023 ГОДИНА

**Скопје, март 2024**

# Содржина

Вовед................................................ 3
1. ИЗВРШЕНИ РАБОТИ И СОЗДАДЕНИ ПЕРФОРМАНСИ................................................ 5
Издадени извештаи на членки................................................ 5
Корисници според економски сектори................................................ 6
Банки................................................ 6
Финансиски друштва ................................................ 7
Телекомуникациски оператори................................................ 7
Реален сектор................................................ 8
Други даватели на кредити................................................ 8
Даватели на финансиски лизинг................................................ 9
Штедилници................................................ 9
Физички лица кои не се сметаат за трговци согласно ЗТД................................................ 9
Издавање извештаи за субјектите на податоци................................................ 10
Сопствени извештаи................................................ 10
Извештај за блокада на трансакциска сметка................................................ 10
Алармен систем за известување на субјекти (АСИС)................................................ 11
ПОНУДА НА ДРУГИ УСЛУГИ................................................ 12
Кредитни извештаи за правни лица дополнети со податоци од обработени год. смет.......... 12
МОЈ.МКБ Платформа................................................ 12
Проверка на неважечки документи ................................................ 13
Меѓународни извештаи за странски компании................................................ 13
2. ДРУГИ АКТИВНОСТИ................................................ 14
Управување со база на податоци................................................ 14
Контрола на точноста на податоците................................................ 16
Информатичка технологија................................................ 17
Доверливост и заштита на податоците................................................ 17
ИСО Сертификати................................................ 17
Усогласување со законската регулатива за заштита на личните податоци................................................ 18
Дополнување на Тарифата на надоместоци................................................ 18
Промоција и промотивни кампањи................................................ 18
Меѓународна соработка................................................ 19
3. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА МКБ................................................ 20
Собрание на акционери................................................ 20
Одбор на директори................................................ 20
Организациска структура и човечки ресурси................................................ 21
4.ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ................................................ 22

## Вовед

Во текот на 2023 година Македонско кредитно биро АД Скопје (МКБ) продолжи со посветено и одговорно работење, со цел ефикасно остварување на целите и задачите предвидени во Планот и програмата за работа за 2023 година.

Остварена е добивка пред оданочување во износ од 35.841.482,00 денари. По одбивањето на данокот на добивка во износ од 3.394.872,00 денари, нето добивката изнесува 32.446.610,00 денари и изнесува 37,9% од вкупните приходи.

Во 2023 година е остварен вкупен приход во износ од 85.659.888,00 денари. Во споредба со планираните приходи бележат зголемување за 9,8%, додека во однос на вкупните приходи остварени во 2022 година бележат зголемување за 14,3%.

Зголемувањето на приходите е резултат на зголемено користење на сите услуги кои ги нуди Друштвото.

Најголемо учество во вкупните приходи од услуги имаат приходите од финансиските друштва во апсолутен износ од 36.460.252,00 денари, односно 43,1%, потоа следуваат приходите од банките во апсолутен износ 31.648.853,00 денари, односно 37,4% и приходите од компаниите од реалниот сектор во апсолутен износ 7.069.292,00 денари, односно 8,3%.

Во 2023 година се реализирани вкупни трошоци во износ од 49.818.406,00 денари. Во однос на планираните трошоци бележат намалување за 1,1%, додека во однос на вкупните трошоци остварени во 2022 година бележат зголемување за 20%.

Зголемувањето на трошоците е резултат на:

- зголемување на надоместоците за обезбедување информатички ресурси за работа и одржување на софтверските решенија на Друштвото и
- зголемениот број на вработени и зголемувањето на платите на вработените.

Во 2023 година издадени се вкупно 1.163.739 кориснички извештаи, што претставува зголемување од 4,3% во споредба со минатата година.

Најголеми корисници на извештаи и оваа година се банките со 46,6% учество во вкупниот број издадени извештаи, потоа следат финансиските друштва со 39,8% учество и телекомуникациските оператори со 9,6% учество.

За субјектите на податоци се издадени вкупно 5.227 Сопствени извештаи што претставува пораст од 24,6% во однос на 2022 година.

Во текот на 2023 година најзначајните активности беа поврзани со изработка на веб сервиси за преземање на повеќе видови податоци и изработка на нови видови на кориснички извештаи, и тоа:

- Извештај за придонеси од задолжително социјално осигурување;
- Извештај за придонеси за здравствено осигурување на корисник на пензија и
- Извештај за заснован работен однос.

Покрај корисничките и сопствените извештаи, МКБ, на корисниците на податоци им овозможи користење на повеќе различни услуги, и тоа:

- Кредитни извештаи за правни лица дополнети со податоци од обработени годишни сметки,

- Мој.МКБ платформа,
- Проверка на неважечки документи,
- Меѓународни извештаи со бонитетни информации за повеќе од 200 милиони компании од над 230 земји од светот,
- Извештај за блокада на трансакциска сметка,
- Алармен Систем за Известување Субјекти – АСИС, за следење на промените во податоците на субјектите на податоци.

Особено внимание се посветуваше на редовна комуникација и соработка со сите корисници на услугите, со цел задоволување на нивните потреби.

Во текот на годината, МКБ дополнително ја зголеми базата на податоци, како резултат на грижата која се посветува за тоа. Продолжи да се посветува особено внимание и на контрола на квалитетот на податоците по пат на редовна проверка на податоците што се доставуваат од членките.

Доверливоста и заштитата на податоците продолжи да се обезбедува со воспоставување соодветни административни, технички и организациски мерки.

Своето работење го организира преку интегриран менаџмент систем за управување со квалитет и управување со сигурност на информациите согласно меѓународните стандарди ISO 9001:2015 и ISO 27001:2013.

Постигнатите резултати од работењето не би можеле да се остварат без квалитетниот ангажман на вработените, членовите на Одборот на директори и на основачот КИБС, кој се реализираше преку соработка со органите на управување и менаџментот, како и секојдневната соработка на оперативно ниво.

# 1. ИЗВРШЕНИ РАБОТИ И СОЗДАДЕНИ ПЕРФОРМАНСИ

МКБ во 2023 година успешно ги реализираше задачите утврдени со Планот и програмата за работа на Македонско кредитно биро АД Скопје за 2023 година.

Деловната активност во текот на годината беше насочена кон зголемување на обемот на извршени работи, задоволување на интересот и барањата на членките, како и за обезбедување на ликвидно работење и редовно и навремено намирување на доспеаните обврски.

## ИЗДАДЕНИ ИЗВЕШТАИ НА ЧЛЕНКИ

Вкупниот број на издадени кориснички извештаи во 2023 година изнесува 1.163.739, од кои 1.138.701 за физички лица и 25.038 за правни лица. Во споредба со 2022 година издадени се за 4,3% повеќе кориснички извештаи.

| Тип на субјект на податоци | Број на издадени извештаи |
| --- | --- |
| **Физички лица** | 1.138.701 |
| **Правни лица** | 25.038 |
| **Вкупно** | 1.163.739 |

Движење на бројот на издадени извештаи по години:



## Корисници според економски сектори




## Банки




Банките и во 2023 година се најголеми корисници на извештаите за обврските на правни и физички лица. Вкупниот број на издадени извештаи на банки изнесува 543.134 што претставува 46,6% од вкупно издадените извештаи. Во споредба со минатата година издадени се за 2,2% помалку извештаи на банките.

## Финансиски друштва




Финансиските друштва се позиционирани на второ место како корисници на податоци со учество од 39,8% во вкупно издадените извештаи.

Вкупниот број на издадени извештаи на финансиски друштва изнесува 463.988 што претставува зголемување за 14,2% во споредба со минатата година.

## Телекомуникациски оператори




Телекомуникациските оператори се трети по големина корисници со учество од 9,6% од вкупниот број повлечени кориснички извештаи. Во 2023 година издадени се вкупно 111.623 извештаи, што претставува намалување за 2,1% во споредба со минатата година.

## Реален сектор




Реалниот сектор е четврт по големина корисник на податоци, чие учеството во вкупно издадените извештаи изнесува 3%.
Најголеми корисници се компаниите од секторите за потрошувачки добра и малопродажба. Вкупниот број на издадени извештаи изнесува 35.170, што претставува зголемување за 13,8% во споредба со 2022 година.

## Други даватели на кредити




Другите кредитори учествуваат со 0,4% во вкупно издадените извештаи. Вкупно се издадени 4.338 извештаи, што е за 7% помалку во споредба со 2022 година.

## Даватели на финансиски лизинг




Вкупниот број на кориснички извештаи издадени на давателите на финансиски лизинг во 2023 година изнесува 2.803, што претставува зголемување од 102,8%.

## Штедилници




Вкупниот број на повлечени извештаи од штедилниците во 2023 година изнесува 2.653 што претставува зголемување од 10,5% во споредба со минатата година.

## Физички лица кои не се сметаат за трговци согласно Законот за трговски друштва

Во 2023 година продолжија активностите за привлекување во членство и на физички лица кои не се сметаат за трговци согласно Законот за трговски друштва, како нов пазарен сегмент за МКБ.

## ИЗДАВАЊЕ ИЗВЕШТАИ ЗА СУБЈЕКТИТЕ НА ПОДАТОЦИ

### Сопствени извештаи

Во текот на годината се издадени вкупно 5.227 Сопствени извештаи, од кои 4.956 извештаи, односно 94,8% за физички лица и 271 извештаи, односно 5,2% за правни лица. Во споредба со 2022 година издадени се за 24,6% повеќе Сопствени извештаи.

Сопствените извештаи им се издаваат на Субјектите на податоци преку интернет порталот Мој.МКБ и преку три банки со кои Македонско кредитно биро има склучено посебен договор.

| Тип на субјект на податоци | Број на издадени извештаи |
|---|---|
| **Физички лица** | 4.956 |
| **Правни лица** | 271 |
| **Вкупно** | 5.227 |

Движење на бројот на издадени извештаи по години:




### Извештај за блокада на трансакциска сметка

Во текот на 2023 година се издадени вкупно 79 извештаи, од кои 52 извештаи, односно 65,8% за физички лица и 27 извештаи, односно 34,2% за правни лица. Во однос на минатата година издадени се за 14,2% помалку извештаи.

Податокот за блокада на трансакциска сметка се добива од Единствениот регистар на трансакциски сметки во моментот на генерирање на извештајот.

| Тип на субјект на податоци | Број на издадени извештаи |
|---|---|
| **Физички лица** | 52 |
| **Правни лица** | 27 |
| **Вкупно** | 79 |

Движење на бројот на издадени извештаи по години:




## Алармен Систем за Известување на Субјекти (АСИС)

Со оваа услуга на субјектите на податоци им се овозможува континуирано примање e-mail известувања за секоја негативна или позитивна промена во нивното кредитно досие, кои се однесуваат на отворање и затворање на кредитна обврска, пријава како жирант/кокредитобарател на кредит и затворање на жиранство/кокредитобарателство, потоа известувања за статусот на платежните картички, блокада/деблокада на сметките, неплатени обврски со доцнење од 30-60 дена, 60-90 дена и доцнење над 90 дена.

Во текот на годината се регистрирани 88 претплатници на услугата. Во однос на 2022 година има 66% повеќе претплатници на АСИС услугата.

## ПОНУДА НА ДРУГИ УСЛУГИ

### Кредитни извештаи за правни лица дополнети со податоци од обработени годишни сметки

За потребите на корисниците се изготвуваат кредитни извештаи за правни лица, кои содржат податоци за задолженост и редовност во исполнувањето на обврските, дополнети со податоци од годишни сметки.

За користење податоци и информации од годишни сметки на правни субјекти во 2023 година МКБ склучи договор со Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Во текот на 2023 година осум членки беа корисници на овие извештаи, при што беа издадени 287.582 извештаи, што претставува пораст од 9% во споредба со минатата година.

Движење на бројот на издадени извештаи по години:




### МОЈ.МКБ платформа

Со помош на платформата МОЈ.МКБ на компаниите им се овозможува брз и лесен пристап до податоци кои помагаат во донесување подобри бизнис одлуки и го намалуваат ризикот преку селекција на солвентни клиенти и партнери.

МОЈ.МКБ им овозможува на корисниците да пребаруваат и да добиваат податоци преку повеќе модули:

- Преглед на компанија по зададени критериуми
- Филтер на компании по зададени критериуми
- Споредба на компании
- Поврзани субјекти и
- Корпоративен извештај

Покрај податоци за финансиски обврски, на платформата се вклучени и податоци од јавни книги и регистри и други јавно достапни податоци за компаниите, како податоци од тековна состојба и завршни сметки, кои се водат во Централниот регистар на Македонија, податоци за блокади на (трансакциски) платежни сметки, објави за стечај и ликвидација, со што на компаниите им се

дава целосен увид во финансиската состојба на нивните постојни и идни деловни партнери, како и следење за настанати промени.

Во текот на 2023 година извршена е претплата на 55 пакети услуги од страна на 55 корисници на платформата МОЈ.МКБ.

## Проверка на неважечки документи

Со помош на Извештајот за проверка на неважечки документи, МКБ на корисниците им нуди можност за само неколку секунди да добијат информација дали документот за лична идентификација (лична карта или пасош), со кој аплицира нивен клиент, е објавен за неважечки во Службен весник на Република Северна Македонија и притоа благовремено да се заштитат од можни злоупотреби уште пред да го склучат деловниот однос.

Во текот на 2023 година оваа услуга ја користеа 4 корисници, кои извршија 58.867 проверки на неважечки документи, што претставува пораст од 42,3% во однос на претходната година.




## Меѓународни извештаи за странски компании

Во 2023 година МКБ продолжи со издавање Меѓународни извештаи со бонитетни информации за странски компании. Извештаите се наменети за сите македонски компании кои се вклучени во меѓународни односи со партнери, клиенти и добавувачи од целиот свет.

Со ваквата услуга, МКБ нуди единствена можност на компаниите од Република Македонија да побараат меѓународни извештаи со бонитетни информации за повеќе од 200 милиони компании од над 230 земји од целиот свет.

## 2. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

### Управување со база на податоци

МКБ создаде голема база за обврските на правните и физичките лица, како резултат на грижата која се посветува за постојано зголемување и одржување висок квалитет на податоците со кои располага, како важен фактор за придобивање на интересот на членките за нивно користење.

**Вкупен број на субјекти на податоци по години**

| Година | Физички лица | Правни лица | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2010** | 886.426 | 55.340 | 941.766 |
| **2011** | 977.259 | 64.402 | 1.041.661 |
| **2012** | 1.079.497 | 74.864 | 1.154.361 |
| **2013** | 1.167.686 | 84.187 | 1.251.873 |
| **2014** | 1.229.623 | 92.430 | 1.322.053 |
| **2015** | 1.284.214 | 97.963 | 1.382.177 |
| **2016** | 1.344.174 | 103.676 | 1.447.850 |
| **2017** | 1.420.337 | 117.985 | 1.538.322 |
| **2018** | 1.472.361 | 122.782 | 1.595.143 |
| **2019** | 1.545.332 | 128.297 | 1.673.629 |
| **2020** | 1.627.766 | 132.370 | 1.760.136 |
| **2021** | 1.681.856 | 143.130 | 1.824.986 |
| **2022** | 1.737.913 | 148.726 | 1.886.639 |
| **2023** | 1.783.789 | 153.258 | 1.937.047 |



Во базата на податоци се содржани податоци за вкупно 6.283.724 обврски на правни и физички лица по основ на кредити, гаранции, акредитиви, платежни картички, финансиски лизинг, даноци, телекомуникациски услуги, комунални давачки, придонеси и обврски по основ на користење на други услуги. Податоците се поделени во четири групи и тоа:

- група Кредити, во која спаѓаат: кредити, лизинг, гаранции, акредитиви,
- група Сметки, во која спаѓаат: кредитни картички и платежни (трансакциски сметки) со дозволено пречекорување,
- група Долгови, во која спаѓаат: даноци, такси, придонеси, обврски кон телекомуникациски услуги и обврски по основ на користење на други услуги, кои се доставуваат на дневно ниво и
- група Кумулативни долгови: комунални давачки и обврски по основ на користење на други услуги кои се доставуваат на месечно ниво.

**Вкупен број на обврски по години**

| Година | Вкупен број на обврски |
|---|---|
| **2010** | 2.089.366 |
| **2011** | 2.529.705 |
| **2012** | 3.123.264 |
| **2013** | 3.686.860 |
| **2014** | 3.674.227 |
| **2015** | 3.261.411 |
| **2016** | 3.305.478 |
| **2017** | 4.059.968 |
| **2018** | 4.335.910 |
| **2019** | 5.051.016 |
| **2020** | 5.338.709 |
| **2021** | 5.720.533 |
| **2022** | 6.049.264 |
| **2023** | 6.283.724 |

**Вкупен број на субјекти на податоци кои имаат обврски по кредити и лизинг[1]**

| Година | Физички лица | Правни лица | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2023 | 400.919 | 12.326 | 413.245 |

**Вкупен број на субјекти на податоци со доцнење во исполнување на обврските[1]**

| Тип на субјект | Број на субјекти | Износ во задоцнување[2][3] | Просечен број на денови на доцнење |
|---|---|---|---|
| Физички лица | 758.346 | 31.085.667.356 | 1127 |
| Правни лица | 63.587 | 42.628.432.016 | 1961 |

## Контрола на точноста на податоците

МКБ продолжи да посветува особено внимание на контрола на квалитетот на податоците по пат на редовна проверка на податоците што се доставуваат од членките, а развиен е и ефикасен систем за рекламации.

Податоците имаат висока точност за реално да ја отсликаат фактичката состојба на обврските на субјектот на податоци. Учеството на примените рекламации во вкупниот број издадени извештаи во континуитет се одржува на ниско ниво, што е потврда за квалитетот и точноста на податоците.

| Рекламации | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Примени рекламации** | 433 | 598 | 668 | 328 | 183 | 235 | 195 | 193 |
| **Издадени извештаи** | 471.037 | 613.757 | 873.522 | 991.433 | 821.478 | 1.145.568 | 1.119.383 | 1.168.966 |
| **Учество на примените рекламации во вкупниот број издадени извештаи** | 0,09% | 0,09% | 0,07% | 0,03% | 0,02% | 0,02% | 0,02% | 0,01 |

[1] Податоците се објавуваат согласно барањата на Законот за кредитно биро
[2] Износите се изразени во денари.
[3] Износите се однесуваат на обврски по кредити, лизинг, гаранции, акредитиви, кредитни картички, трансакциски (платежни) сметки со дозволено пречекорување, даноци, такси, придонеси, обврски кон телекомуникациски услуги, комунални давачки и обврски по основ на користење на други услуги.

Во согласност со Законот за кредитно биро рекламациите се решаваат во рок до 15 дена од приемот на Барањето за оспорување на податоците.
Во 2023 година се примени 193 Барања за оспорување на податоци од страна на субјектите и корисниците на податоци. Од нив 188 се решени, додека за 5 рекламации давателите на податоци не доставиле одговор повеќе од 10 дена. Во просек давателите на податоци даваат одговор во рок од 4,8 дена.

| Вкупен бр. поднесени рекламации | Бр. на решени рекламации | Прифатени рекламации од давател | Одбиени рекламации од давател | Просечен бр. денови за решавање рекламации | Бр. на нерешени рекламации |
|---|---|---|---|---|---|
| **193** | 188 | 160 | 28 | 4,8 | 5 |

## Информатичка технологија

Во текот на 2023 година најзначајните активности беа поврзани со изработка на веб сервиси за преземање на повеќе видови податоци и изработка на нови видови на извештаи, и тоа:

- Извештај за придонеси од задолжително социјално осигурување;
- Извештај за придонеси за здравствено осигурување на корисник на пензија и
- Извештај за заснован работен однос.

За зголемување на корисничкото искуство, во текот на годината се работеше на подобрување на функционалноста на платформата Мој.МКБ и при тоа на корисниците им беше овозможено:

- вршење проверка на Вистински сопственици од базата на Централниот регистар;
- формирање пакети услуги согласно нивните потреби;
- збогатена АСИС (Алармен систем за информирање субјекти) услуга и
- автоматизирано добивање на фактури.

## Доверливост и заштита на податоците

Податоците и извештаите за поединечните лица кои се стекнати при вршење на кои било активности на МКБ, претставуваат деловна тајна која МКБ, сите Даватели на податоци и Корисници на податоци се должни да ја заштитат и чуваат. Во досегашното работење не се утврдени случаи на злоупотреба на податоци.

## ИСО Сертификати

МКБ посветено работи на подобрување на квалитетот на своите производи и услуги. Своето работење го организира преку интегриран менаџмент систем за управување со квалитет и управување со сигурност на информациите согласно меѓународните стандарди ISO 9001:2015 и ISO 27001:2013.

## Усогласување со законската регулатива за заштита на личните податоци

Имајќи ја предвид функцијата на МКБ и фактот дека располага и управува со база на податоци од доверлив карактер, во текот на годината се продолжи во континуитет да се следат прописите за заштита на личните податоци.

Во функција на усогласување со начелата, вредностите и правилата за заштита на личните податоци предвидени во новиот Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се преземаа соодветни активности за подобрување, надградба и прилагодување на воспоставениот систем за заштита на личните податоци согласно овој закон.

## Дополнување на Тарифата на надоместоци

Во согласност со потребите на корисниците на податоци и воведувањето на новите услуги во 2023 година е извршено дополнување на Тарифата на надоместоците на услугите со:

1. Три нови видови на извештаи, и тоа:

- Извештај за придонеси од задолжително социјално осигурување;
- Извештај за придонеси за здравствено осигурување на корисник на пензија и
- Извештај за заснован работен однос.

2. Три видови на месечни пакети на услуги, и тоа:

- Пакет услуги за корисници на голем број извештаи за придонеси од задолжително социјално осигурување;
- Пакет услуги за корисници на голем број извештаи за придонеси за здравствено осигурување на корисник на пензија и
- Пакет услуги за корисници на голем број извештаи за заснован работен однос.

## Промоција и промотивни кампањи

Во 2023 година, маркетинг активностите беа насочени пред се кон онлајн промоција на производите и услугите на МКБ за сите потенцијални корисници - правни и физички лица, како и привлекување на нови корисници, со цел јакнење на општата свесност за придобивките од користењето на продуктите и услугите на МКБ и создавање на препознатливост за брендот на компанијата.

Во текот на извештајниот период беа реализирани вкупно 2 маркетинг кампањи, во кои беа опфатени повеќе видови на маркетинг алатки за промоција на услугите:

1. Платени објави на десктоп и мобилни верзии на избрани портали
2. Платени објави на десктоп и мобилни верзии на портали во mAd Платформата
3. Платени In-Article објави на избрани портали
4. Платени објави на Google Display network
5. Објавување на спонзорирани продажни, едукативни и информативни објави на Facebook профилот, Instagram профилот и Linked In профилот на МКБ и таргетирање на целни групи со помош на алатките на овие социјални мрежи (платени постови)
6. Објави на ПР текстови на веб портали, медиумски радио реклами
7. E-mailing информативни и промотивни известувања до таргетирани компании

Реализираните маркетинг активности имаа позитивен ефект врз порастот на бројот на издадени извештаи во 2023 година, а со тоа и врз порастот на приходите на компанијата:

- Во текот на 2023 година, издадени се вкупно 1000 Корпоративни извештаи, што означува пораст од 17,1 % во однос на претходната година.
- Во текот на 2023 година издадени се вкупно 5.227 Сопствени извештаи, што означува пораст од 24,6 % во однос на претходната година.
- Во текот на 2023 година издадени се вкупно 287.582 Кредитни извештаи за правни лица дополнети со податоци од обработка на годишни сметки, што означува пораст од 9% во однос на претходната година.

МКБ во 2023 година учествуваше и на настан по повод „Светскиот ден на штедење“, во организација на Македонската банкарска асоцијација во соработка со Фондот за осигурување на депозити, Министерството за финансии и НБРСМ, на кој се доделија признанија на најдобрите банкарски службеници за тековната година, избрани од банките и штедилниците членки на Асоцијацијата.

Се реализираа посети и се одржаа деловни средби со компании на кои им беа детално презентирани услугите на МКБ и новиот порталот Мој.МКБ.

## Меѓународна соработка

Раководени од намерата да бидеме во тек со светските трендови и на своите корисници да им понудиме современи, технолошки напредни услуги, МКБ ги користи искуствата на најпознатите кредитни агенции во светот. Со цел размена на професионални искуства и знаења МКБ остварува соработка и со повеќе меѓународни институции и организации.

Во 2023 година во посета на МКБ беше делегација на Албанската асоцијација на банки (ААБ) предводена од генералниот секретар, г-дин Спиро Брумбули. Посетата беше во насока на презентирање на работењето на МКБ и беа споделени одредени искуства во делот на размената на податоци, формата на организација согласно постоечката законска регулатива и поставеноста и улогата на кредитното биро во целокупниот финансиски сектор на Република Македонија. На средбата беа разгледани можностите за идна соработка.

МКБ претставувана од Главниот извршен директор Тони Трајанов и Директорот за оперативни работи Драган Мартиновски оствари посета на претставништвото на COFACE во Република Словенија со цел воспоставување на заедничка соработка, која ќе допринесе за проширување на услугите и поголема улога на меѓународниот пазар и значење на МКБ како институција.

Во текот на годината беше остварена посета на Здружението на банки на Србија и Српското кредитно биро, кое работи во рамки на Здружението. На средбата беа разменети искуства од работењето на кредитните бироа и беа предложени дејствија за отпочнување на заедничка соработка.

Во соработка со Италијанското кредитно биро CRIF S.p.A, МКБ издава Меѓународни извештаи со бонитетни информации за странски компании. Извештаите се наменети за сите македонски компании кои се вклучени во меѓународни односи со партнери, клиенти и добавувачи од целиот свет.

# 3. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА МКБ

Во 2023 година органите на управување на МКБ ги извршуваа своите активности во рамки на надлежностите согласно закон и актите на МКБ. Надоместоците за работата на членовите на органите на управување се наведени во белешките на ревизорските финансиски извештаи, кои се јавно достапни.

## Собрание на акционери

Согласно Статутот на МКБ, правата и обврските на Собранието на акционери се извршуваат од страна на Управниот одбор на КИБС АД Скопје, во својство на единствен акционер.

Во текот на 2023 година, Собранието одржа една редовна седница.

На редовното годишно Собрание – Дваесет и прва седница, одржана на 01.06.2023 година, беа усвоени Финансиските извештаи за 2022 година ревидирани од ревизорско друштво, Годишната сметка за времето од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, Годишниот извештај за работењето на Македонско кредитно биро во 2022 година и Извештај за работењето на Одборот на директори на Македонско кредитно биро АД Скопје во 2022 година, колективно и од аспект на поединечните членови. На седницата беа донесени Одлука за распределување на добивката за 2022 година, Одлука за исплата на дивиденда, Одлуки за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори, како и Одлука за определување друштво за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Македонско кредитно биро АД Скопје за 2023 година.

## Одбор на директори

МКБ има едностепен систем на управување. Одборот на директори е орган на управување, кој во делокругот на овластувањата определени со закон и Статутот на МКБ, управува со Друштвото во рамките на предметот на работењето и дејствува во сите околности во име на Друштвото.

Одборот брои 3 члена, еден извршен и двајца неизвршни, од кои едниот од неизвршните членови е независен. Извршниот член на Одборот на директори ја извршува функцијата Главен извршен директор и го застапува Друштвото во однос на трети лица и е одговорен за водење на Друштвото во рамките на своите овластувања.

Членови на Одборот на директори:

1. Благица Здравковска, Претседател на Одборот на директори,
2. Тони Трајанов, Извршен член на Одборот на директори и Главен извршен директор на Македонско кредитно биро АД Скопје и
3. Зоранчо Алексов, Неизвршен и независен член на Одборот на директори.

Членовите на Одборот на директори се именувани на Осумнаесеттата седница на Собранието на акционери одржана на 18.11.2020 година, со мандат од 4 години.

Одборот на директори во текот на 2023 година управуваше со работењето на друштвото и се грижеше за реализација на Планот и програмата за работа и остварување на зацртаните цели за годината.
Одборот на директори одржа вкупно 8 седници.

## Организациска структура и човечки ресурси

Во 2023 година Оперативното работење се извршуваше преку 10 вработени лица. Покрај Главниот извршен директор и Директорот за оперативни работи, работните задачи ги извршуваа: еден службеник за правни, кадровски и административно – технички работи, еден службеник за работа со клиенти, четворица службеници за информатичка технологија, еден службеник за продажба и еден аналитичар во одделот за финансиско работење.

# 4. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Основната главнина на друштвото изнесува 130.000 евра и се состои од 1.300 акции. Акциите се регистрирани и се водат во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Основачот, Клириншка куќа КИБС АД Скопје е единствен акционер и сопственик на акциите.

Остварените приходи од услуги распределени по сектори и по видови на услуги во 2023 година споредени со остварените приходи од услуги во 2022 година се дадени во Преглед бр.1 во продолжение на текстот.

Од податоците дадени во Преглед бр.1 може да се констатира дека вкупните остварени приходи од услуги во 2023 година изнесуваат 84.672.192,00 денари и бележат зголемување за 15,7% во однос на остварени приходи од услуги во 2022 година.

Прегледот укажува на раст на приходите од сите услуги кои ги нуди Друштвото.

Најголемо учество во вкупните приходи од услуги имаат приходите од финансиските друштва во апсолутен износ од 36.460.252,00 денари, односно 43,1%, потоа следуваат приходите од банките во апсолутен износ 31.648.853,00 денари, односно 37,4% и приходите од компаниите од реалниот сектор во апсолутен износ 7.069.292,00 денари, односно 8,3%.

Во однос на учеството на поединечните сектори во вкупните приходи од услуги, намалување се забележува кај финансиските друштва за 1,4%, кај телекомуникациските оператори за 0,4% и кај другите даватели на кредити за 0,2%.

Зголемување на учеството во вкупните приходи од услуги се забележува кај банките за 0,6%, компаниите од реалниот сектор за 0,9%, давателите на лизинг за 0,3% и кај субјектите на податоци за 0,1%.

**ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ** во 2023 година изнесуваат 85.659.888,00 денари и во споредба со планираните приходи бележат зголемување за 9,8%, додека во однос на вкупните приходи остварени во 2022 година бележат зголемување за 14,3%.

**ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ** во 2023 година изнесуваат 49.818.406,00 денари и во однос на планираните трошоци бележат намалување за 1,1%, додека во однос на вкупните трошоци остварени во 2022 година бележат зголемување за 20%.